# Најава за промоција на ДВД со нагледни материјали за медиумска писменост наменето за основните училишта – 25.01.2018г.

**Скопје, 22.01.2018г.** – На **25 јануари 2018 година (четврток)**, со почеток **во 12 часот,** ќе биде промовирано ДВД со нагледни материјали за медиумска писменост, наменето за основните училишта во Република Македонија. ДВД-то е изработено во рамки на Мрежата за медиумска писменост, а поддржано од Министерството за образование и од Бирото за развој на образованието.

На настанот ќе учествуваат членки на Мрежата и претставници на други институции и организации инволвирани во оваа или во други активности поврзани со медиумската писменост, како и претставници на медиумите и медиумските здруженија.

Промоцијата ќе се одржи во просториите на Агенцијата, 8-ми кат.